25554

ČLAN MEĐUNARODNE ORGANIZACIJE — FIBEP

**pres-kliping • press-clipping**

(Osnovano 1952. godine)

JUGOSLOVENSKA NOVINSKA
AGENCIJA DOKUMENTACIJE
NOVINSKO IZDAVAČKO PREDUZEĆE
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE

Beograd — Knez Mihajlova 2/IX — Pošt. fah — P. O. Box 95.
Tel. 621-578 — Žiro račun — Current Account: 60801-603-15330

Isečak iz lista / Newspaper cutting — НОВА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ

-9. X. 1979, 11751,10,

## ВО МОДЕРНАТА ГАЛЕРИЈА ВО ЉУБЉАНА

# Петнаесет современи македонски ликовни уметници

**ПО ПРИКАЖУВАЊЕТО ВО ДУБРОВНИК И САРАЕВО И СЕГА ВО ЉУБЉАНА, ОВОЈ АНТОЛОГИСКИ ИЗБОР ВО ПОЧЕТОКОТ НА ИДНАТА ГОДИНА ЌЕ БИДЕ ПРЕЗЕНТИРАН И ВО БЕЛГРАД, ВО ПАВИЛЈОНОТ „ЦВИЈЕТА ЗУЗОРИЌ"**

**МИНАТАТА НЕДЕЛА,** во организација на Музејот на современата уметност од Скопје, во Модерната галерија во Љубљана беше отворена изложбата „15 современи македонски уметници". Оваа изложба, во рамките на меѓурепубличката културна соработка, претставува реципроцитет на изложбата на словенечката уметност, што се очекува да биде отворена во Скопје на 18 декември годинава.

Како што е познато, истата изложба досега со успех беше прикажана во Дубровник и во Сараево, а ќе биде презентирана уште во Белград, во Павилјонот „Цвијета Зузориќ", во почетокот на идната година.

Меѓу експонатите на изложбата се наоѓаат дела на 15 македонски ликовни уметници од средната и помладата генерација: на **Родољуб Анастасов, Петар Хаџи Бошков, Жарко Јакимовски, Ристо Калчевски, Танас Луловски, Стефан Маневски, Ѓоко Матевски, Петар Мазев, Доне Миљановски, Вангел Наумовски, Душан Перчинков, Драган Поповски — Дада, Мира Спировска, Томо Шијак и Васил Василев.** Со вака селективен пристап, изложбата дава пресек на најважните и најинтересни појави во современиот миг на македонската ликовна уметност.

**ПОКРАЈ** објаснувањето на досегашната скромна соработка со споменатите културни центри во Југославија, **Соња Абаџиева — Димитрова,** во уводниот текст кон каталогот на оваа изложба меѓу другото вели: Одбегнувајќи го панорамското прикажување како обележје на минатото, како анахронизам, таа има претензија низ еден антологиски избор да укаже на некои идејно-содржински стилски и слични прашања, низ ликовно-естетските достигнувања на одреден број македонски творци да ја истакне специфичноста на нивниот сликарски, скулпторски и друг индивидуалитет. Тие се припадници на три генерации: средната, помладата и најмладата, па според тоа, разбирливи се и постојните формални разлики меѓу нив. Она што е заедничко за сите е творечката искреност, професионалниот однос кон уметноста и самостојната артикулација на изразот, напуштајќи ги вообичаените естетски постулати и усогласувајќи се со императивите на епохата.



**Ѓоко Матевски: Грчеви, 1978, масло на платно**

С. Ѓуровска